ОКТА

МЕМО

Се покануваат сите Акционери на ОКТА АД – Скопје на

**35-та СЕДНИЦА НА ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

На ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје, што ќе се одржи во седиштето на Друштвото на ул. 1 бр. 25 во н.м. Миладиновци, 1001 Скопје,

Во Четврток, 30.05.2024 година, со почеток во 12.00 часот

**РЕВИДИРАН**
**ДНЕВЕН РЕД**

1. Процедурален дел (Избор на претседавач и бројачи на гласови);
2. Претставување на годишната сметка, финансиските резултати за 2023 година и на ревизорскиот извештај за фискалната 2023 година и годишниот извештај за работењето во 2023 година;

2/1 Одобрување на усвоената годишна сметка, ревидираните финансиски извештаи и годишниот извештај за 2023 година;

2/2 Донесување Одлука за распоредување на добивката утврдена во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи за 2023 година и

2/3 Одобрување на работата на Одборот на директори во 2023 година

2/4 Донесување Одлука за распоредување на неискористената реинвестирана добивка остварена во 2022 година во акумулираната добивка

3. Донесување одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2023 година и
4. *Донесување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп донесена од Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на 30 април 2024 година.*

**ИНСТРУКЦИИ**

Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Предлагање точки на дневниот ред и предлагање на одлуки може да се врши во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на јавниот повик, на начинот опишан во Деловната процедура за утврдување на начинот и постапката на гласање со кореспонденција, предлагање на нови точки и одлуки и поставување на прашања на седница на собранието на ОКТА АД-Скопје, достапна на официјалната интернет страна на Друштвото (https://www.okta-elpe.com/investors-relation/aaa-7/).

Прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието може да се поставуваат на начинот опишан во Деловната процедура за утврдување на начинот и постапката на гласање со кореспонденција, предлагање на нови точки и одлуки и поставување на прашања на седница на собранието на ОКТА АД-Скопје, достапна на официјалната интернет страна на Друштвото (https://www.okta-elpe.com/investors-relation/aaa-7/).

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на закажаната седница на Собранието на акционери (пријава за учество на собрание). СЕ ПРЕПОРАЧУВА акционерите да го пријават своето присуство на Собранието најмалку еден ден пред денот на одржување на Собранието.

Право на учество во работата и право на глас на Собранието има секој акционер лично (преку својот застапник по закон за акционер-правно лице), или од него овластено лице кое ќе го

застапува на Собранието, со писмено полномошно (без обврска за заверување кај нотар), за што акционерот мора да го извести Друштвото по писмен пат веднаш, со испраќање на известување по пошта или со доставување лично во архивата на Друштвото. Образец на Известување е достапен на официјалната интернет страна на Друштвото.

Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Обрасци на полномошното се достапни за преземање од интернет страницата на Друштвото.

Акционерот може да гласа со кореспонденција, пред денот на одржување на собранието. Пополнетиот Образец за гласање со кореспонденција мора да биде примен во Друштвото најдоцна до 29.05.2024 година во 14.00 часот. Акционерот кој гласа на овој начин се смета за присутен на собранието, односно го сочинува кворумот за работа и одлучување на собранието. Гласањето преку кореспонденција ќе се врши на начинот опишан во Информацијата во врска гласање преку кореспонденција, достапна на официјалната интернет страна на Друштвото.

**Ги охрабруваме сите акционери да го искористат своето право на учество и гласање со кореспонденција, користејќи го образецот достапен на официјалната интернет страна на Друштвото.**

Ги упатуваме акционерите редовно да ја посетуваат официјалната интернет страна на Друштвото, со цел да останат информирани за било какви промени поврзани со Собранието.

Материјалите по точките од дневниот ред може да се разгледаат во Канцеларијата на Главниот извршен директор секој работен ден од 12,00 до 13,00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик и истите се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.

Официјалната интернет страница на Друштвото е:
www.okta-elpe.com

ПО ПРЕДЛОГ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,
г. Вук Радовиќ

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво